ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Ѕвегорските суроваскари на Василица го бркаа злото од Пијанец
- Инсталирани 90 енергетско-ефикасни лед-светилки
- Проект за зајакнување на капацитетите за зголемена безбедност во сообраќајот
- Првороденото бебе во Делчево во 2023 е машко. Градоначалникпот Трајковски во посета на семејството на малиот Ајаз

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 32 ЈАНУАРИ 2023

## Ѕвегорските суроваскари на Василица го бркаа злото од Пијанец




### Инсталирани 90 енергетско-ефикасни лед -светилки



### Проект за зајакнување на капацитетите за зголемена безбедност во сообраќајот



### Првороденото бебе во Делчево во 2023 е машко. Градоначалникпот Трајковски во посета на семејството на малиот Ајаз



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 18 Седница на Советот на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево ја одржа 18 Седница на која се расправаше и се донесоа одлуки по 22 точки предложени на Дневниот ред. Општина Делчево за учебната 2022/23 го зголемува бројот на ученички стипендии за одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето, од предвидените 8 на 11 стипендии. Ова се предвидува во усвоените Измени на Одлуката за доделување ученички стипендии од втората категорија, на предлог на Комисијата и со образложение дека на листата апликанти 4 ученици имаат исти бодови согласно со критериумите.

Советот го усвои Извештајот на реализација на Програмата за социјална заштита во 2022 г, согласно кој Општина Делчево издвоила 6,38 милиони денари средства за реализација на мерки, проекти и активности: парична помош и обезбедување посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории лица и хуманитарни пакети, општинско-корисна работа и јавни дејности,детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти, трансфери до НВО и спортски здруженија.

Советниците го усвоија Правилникот за утврдување на начинот, условите, критериумите, постапката за доделување на еднократна парична помош; Извештајот за реализација на Програмата за одбележување настани и кутурни манифестации за 2022 година и Програмата за одбележување настани и културни манифестации за 2023 година; Извештајот за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција за 2022 година на Општина Делчево, како и Програмата за комуникација со јавноста и промоција за 2023 година на Општина Делчево, која е трета програма во Општината која е родово сензитивна. Советниците дадоа позитивно мислење на програмите за изведување екскурзии во РСМ на двете основни училишта и на Полугодишниот извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023 година.

На Седницата е усвоена и Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година, како и Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делкчево за 2023 година; Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2023 година; Акцискиот план за намалување на последиците од Ковид 19 кај ромската етничка заедница во пост– КОВИД период на локално ниво-Општина Делчево со период на имплементација 2023-2024, Заеднички Локален акциски план на Општина Делчево и ромската заедница со период на имплементација 2023-2026;

Исто така, советниците ја поддржаа и Одлуката за отуѓување на ИТ– опрема за преземање, транспорт и третман на електронски и електричен отпад на овластена компанија; Одлуката за расходување компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Совет на Општина Делчево

# Евроамбасадорот Гир и градоначалникот Трајковки поделија хуманитарни пакети

Актуелности





Во пресрет на Божиќ, евроамбасадорот Гир и градоначалникот Трајковски поделија 30 хуманитарни пакети на социјално загрозени семејства во Делчево. Акцијата за донирање пакети со храна за социјално загрозени семејства ја организира Делегацијата на ЕУ во соработка со Банката за храна и Мрежата на младите европски амбасадори со поддршка на Регионалниот центар за застапување-Делчево и Општина Делчево. Целта на акцијата е да се обезбеди побогата трпеза на семејствата кои живеат во социјален ризик и подостоинствен пречек на православните празници Бадник и Божиќ и оваа акција е прва од ваков тип организирана од страна на вработените во Делегацијата на ЕУ.

– Филантропијата е таа која нè определува како луѓе и наша мисија, како функционери и носители на одлуки, е да помагаме на оние на кои им е потребна помош и да покажеме дека никој не е заборавен. Формата на донирања за нас како Општина е практика која редовно ја спроведуваме и е еден вид на наш одговор за борбата против сиромаштијата. Општина Делчево континуирано работи и се грижи за најранливите и изнаоѓа начини преку разни форми на донирање и финансиска поддршка да помогне на семејствата кои живеат во социјален ризик, рече градоначалникот Трајковски.

Евроамбасадорот Гир посочи дека една четвртина од граѓаните на Европа се соочуваат со некаков вид проблем во обезбедување на храна, а 43 милиони луѓе не можат да обезбедат квалитетн оброк секојдневно, додека во Македонија се соочуваме со голем отпад од храна во текот на производствениот процес и во малопродажниот и потрошувачкиот процес на храната, а 40% од отпадот е сочинет од неискористена храна.

– Мило ми е што постојат организации како Банката за храна коишто се трудат да формираат еден круг, каде нешто сите овие заеднички придобивки ќе ги врзат во едно. Го намалуваат отпадот истовремено вршејќи дела на солидарност со други луѓе коишто имаат потреба од тоа. И ние како Делегација на ЕУ ни е мило што можевме да се придружиме на овој процес. Во пресрет сме на православниот Божиќ и ова е извонредна можност за сите нас да размислиме за тоа каде стоиме со нашата хуманост, солидарност и е одлично време да се солидаризираме и да направиме промени, порача евроамбасадорот Гир.

Секоја можност која РЦЗ ја има ја користи за помош и поддршка на социјално ранливи категории граѓани како едно од клучните хоризонтални прашања на Европската Унија односно сиромаштијата, рече Родне Деолска од РЦЗ.

Градоначалникот Трајковски претходно имаше работна средба со евроамбасадорот Гир, на која беше запознат евроамбасадорот со спецификите на Делчево, како погранична општина, а се разговарало за приоритетите на Општината, посебно за реализацијата на европските проекти и нивното значење за подобрување на квалитетот на животот на нашите сограѓани и јакнење на демократските процеси, зголемено учество на граѓаните и граѓанските организации во донесувањето одлуки на локално ниво, процеси кои водат кон остварување на европските перспективи.

# Потпишан Договорот за рехабилитација на земјоделскиот пат во Долни Бавчи



Градоначалникот на Општина Делчево Горан Трајковски, директорката на Центарот за развој на ИПР, Зујица Ангелова и претставничка од изведувачот на работите СД-ТРАНС, го потпишаа Договорот за рехабилитација на земјоделскиот пат во месноста Долни Бавчи во Делчево .

Рехабилитацијата на земјоделскиот пат во Долни Бавчи се реализира преку Центарот за развој на ИПР во рамките на проектот „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во ИПР“ на МЗШВ, при што во Делчево ќе се рехабилитира земјоделскиот пат во должина од 1.000 м. и ширина од 4,5 м. кој води од мостот на ул. „Индустриска“ покрај реката Брегалница во месноста Долни Бавчи. Вредноста на Договорот за изградба на овој земјоделски пат е 1.170.855 ден. Работите на терен треба да започнат со подобрување на временските услови, а согласно Договорот, треба да заврпшат до средината на месец април оваа година.

Градоначалникот ТРајковски нагласи дека со реализацијата на овој проект ќе се реши проблемот со пристапот до земјоделските површини и индивидуалните земјоделски стопанства во месноста Долни Бавчи во Делчево и се решава уште еден проблем на земјоделците.

–Земјоделците кои имаат земјоделски површини и објекти во месноста Долни Бавчи, за прв пат добиваат соодветна патна инфраструктура. Тоа значи, полесен пристап до земјоделските површини или до нивните индивидуални земјоделски стопанства. При поројни дождови беше оневозможено движењето со возила и со земјоделска механизација до земјоделското земјиште на овој терен. Како Општина го слушаме гласот и потребите на граѓаните и со еден сериозен пристап, бараме трајно решавање на проблемите, истакна Трајковски.

Актуелности

Актуелности

# Ќе се рехабилитира земјоделскиот пат во месноста Средни Бавчи




Со поддршка на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој ќе се рехабилитира земјоделскиот пат во месноста Средни Бавчи во Делчево со што се решава горливиот проблем со патната инфраструктура за земјоделците кои имаат земјоделски површини или објекти во месноста Средни Бавчи. Финансиската поддршка од Агенцијата е во износ од околу 999.968. денари, а согласно со идејниот проект, ќе се рехабилитира земјоделскиот пат во должина од околу 800 метри и проширување на ширината на патот до 4,5 м. Проектот ќе се реализира преку Програмата за рурален развој, мерка 124- Инвестиции во инфраструктурата за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството, подмерка 124.3 – Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште, врз основа на Програмата за финансиска поддршка за рурален развој.

Според градоначалникот Трајковски станува збор за инвестиција со која се заокружува првата фаза од циклусот инвестиции во земјоделската инфраструктура со која за рехабилитација беа предвидени над 3 км земјоделски патишта.

Преку Центарот за развој на ИПР, минатата година беше завршена рехабилитацијата на земјоделскиот пат с. Вирче-с. Град во должина од 1.320 метри, а со подобрување на временските услови ќе започне и рехабилитацијата на земјоделскиот пат во месноста Долни Бавчи во должина од 1000 м.







Актуелности

# Поставени 90 лед-светилки




Заврши инсталирањето на 90 енергетско-ефикасни лед -светилки кои беа обезбедени во рамките на проектот „Подобрување на јавните општински  услуги во Општина Делчево, грант за успешност (Набавка и поставување на 90 ЛЕД- светилки)“. Со оваа активност беа заменети стари флуоресцентни светилки од јавното осветлување со нови лед-светилки во населбите Стар Расадник, дел од Старо Делчево, селата Стар и Нов Истевник, дел од селото Драмче, патот за с.Полето и село Бигла.

Финансиските средства се обезбедени како грант- средства од Светска банка во износ од 1.400.000 ден, а овој приоритет е избран од страна на граѓаните по спроведни анкетни прашалници, „Урбана ревизија“, како и форуми во зедницата.

Градоначалникот Трајковски посочи дека со поставувњето на овие светилки се зголемува енергетската ефикасност во општината и се подобрува квалитетот на јавното осветлување.

-Поставувањето лед-светилки во јавното осветлување е дел од активностите кои ги презема Општината во рамките на енергетската ефикасност. Досега преку разни проекти и донатори се инсталирани во градот Делчево и околните населби околу 1.200 енергетско-ефикасни светилки, а на ова прашање ќе продолжиме да работиме и наредниот период, бидејќи поставувањето енергетско-ефикасно осветлување носи заштеда на енергија и заштита на животната средина, истакна Трајковски.







# Општина Делчево подготвена за снежните врнежи



Општина Делчево и фирмите задолжени за зимското одржување на локалните улици и патишта и јавните површини во Општината, се подготвени за снежните врнежи.

Зимското одржување на општинските улици и патишта во Општина Делчево ќе го врши фирмата СД-ТРАНС-Ѕвегор, одбрана по спроведената јавна набавка и потпишаниот договор со економскиот оператор, како најповолен понудувач кој ќе постапува согласно со потребите на Општината и Планот за долгорочно зимско одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево. За зимско одржување на локални улици и патишта, Општина Делчево има издвоено 1,4 милиони денари, вредност со пресметан ДДВ.

Согласно со Планот и предвидената приоритетна листа на зимско одржување патишта и улици, се опфатени патишта со асфалтен коловоз од 88,5 км, патишта со коловоз макадам од 42 км и улици со асфалтен коловоз во должина од 39,45 км. Надзор на извршените работи врши Одделението за инспекциски надзор при Општина Делчево.

Чистењето на снегот од коловозите на патиштата и улиците отпочнува пред дебелината на снегот да достигне 10 сантиметри за сообраќајниците од прв и втор приоритет и 15 сантиметри кај сите останати сообраќајници опфатени со планот, со посебно внимание на: острите кривини, стрмните косини, мостовите, големи надолжни нагиби и делови каде има сенка (шуми, осојничави места, реки и слично), патни премини и вкрстувања итн.

Одржувањето и чистењето на тротоарите и јавните површини во градот е обврска на ЈКП „Брегалница“ Делчево, од каде информираат дека претпријатието има обезбедено доволно количини ризла и сол, а по потреба сукцесивно ќе се набавуваат дополнителните количини на ризла и сол. Исто така, претпријатието располага со две нови машини ровокопачи-утоварач и со хидрауличен плуг за чистење снег со ширина од 300 см., како и две машини фрези за чистење снег од тротоарите и другите јавни површини.

Зимското одржување на регионалните и магистралните патишта на територијата на Општина Делчево се во надлежност на ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта.

Актуелности

# Проект во Делчево за зајакнување на капацитетите за зголемена безбедност во сообраќајот

Актуелности



Општина Делчево е една од петте пилот– општини во државата, каде ќе се имплементира проект за подобрување на капацитетите за управување на сообраќајот и операционализација на институционални промени. Проектот се спроведува од Министертсвото за транспорт и врски и Конзорциумот PLANET-CA, Грција и SUEZ–консултантинг, Белгија, преку кои е обезбедена техничка помош за реализација на проектната активност, а во рамките на проектот за поврзување локални патишта преку Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Проектот предвидува три активности: изработка на водич за операционализација на институционалните промени, формирање локално тело за унапредување на безбедноста во сообраќајот и обука за унапредување на безбедноста во сообраќајот.

Воедно, локалното тело за безбедност во сообраќајот ќе треба да работи и на подготовка на стратешки документ – стратегија за безбедност во сообраќајот и акциски план и оперативни документи (годишна програма за работа) кои ќе бидат базирани на анализа која ќе ја земе предвид Директивата на ЕУ 96/2008 и 2019/1936 за управување со безбедноста на патната инфраструктура и со фокус на управување со црни точки (идентификација и приоритизација), инспекција/ревизија на безбедноста во сообраќајот, дизајн на безбедни патишта/улици, високоефикасни евтини мерки за безбедност во сообраќајот, мерки за смирување на сообраќајот, дизајн на патишта кои поминуваат низ населено место, дизајн за ранливи ученици во сообраќајот, пристап за приоритизација и буџетирање на интервенции итн.

Имплементацијата на овој проект во Делчево ќе придонесе за подобрување на капацитетите за управување со сообраќајот на локално ниво.

Актуелности

# Се поставуваат нови сообраќајни знаци; Ново Делчево со „зона30“





Во Делчево во тек е поставување собраќајна сигнализација на новоизградените улици и патишта, како и на пофреквентните улици во градот, додека во делови од населби, каде вообичаено има поголема фреквенција на возила и пешаци, се воведуваат зони, каде задолжителна брзина на движење на возилата се ограничува на 30км/ч. Со оваа активност е планирано да се постават 290 сообраќајни знаци и опрема во Делчево.

Сообраќајна сигнализација се поставува на улиците „Орце Николов“, „Скопска“, „Острец“ , „Вера Јоциќ“, „Маршал Тито“ и локалниот пат Делчево – Тработивиште, улиците „3“и „4“ кои водат до новиот градски пазар .

Со поставувањето на сообраќајните знаци и опрема се имплементираат утврдените режими на сообраќај на улиците во градот Делчево, но и на локалниот пат Л-1 Делчево – Тработивиште со што ќе се изврши навремено известување на сите учесници во сообраќајот за режимот под кој се одвива сообраќајот, а со тоа и ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот на предметната улица и нивото на услуга на сите учесници во сообраќајот.

Во населбата Ново Делчево преку воведување на „Зона 30“ се ограничува брзина на движење на возилата во зоната до 30км/ч. Како влезови во оваа зона се определени постоечките пристапи во населбата преку улиците „Орце Николов“, „Скопска“ и улицата „Кеј на ослободување“. Со поставувањето на хоризонталната и вертикална сигнализација која се однесува на движењата на пешаците, се подобруваат условите за безбедно движење на пешаците. На улицата „Лика Чопова“ се воведува еднонасочен сообраќај со влез од улица „Ленинова“ и излез на улицата „Орце Николов“.

На улицата „Острец“ поставувањето на сообраќајната сигнализација се однесува на делот кој беше реконструиран и крстосницата со улицата „Маршал Тито“ со што на возачите и пешаците ќе им биде обезбедено точно и навремено информирање во однос на условите за одвивање на сообраќајот, а со поставената сообраќајна опрема ќе се придонесе за безбедно одвивање на сообраќајот.

На улицата „Вера Јоциќ“ се воведува ограничување на брзината на движење од 30 км/ч во делот на пристапот кон СОУ „Методи Митевски- Брицо“ и поставување техничко средство за забавување на сообраќајот.

Сообраќајната сигнализација на улиците „Орце Николов“ и „Скопска“, „Острец“ и Делчево – Тработивиште е финанасирана во рамки на проектот за подобрување на

# Се осветија водите на река Брегалница

Актуелности




Со традиционална свечена црковна церемонија и во присуство на стотици верници, се осветија водите на река Брегалница во Делчево. Дејвид Велковски беше најсреќен и највешт и успеа од дваесетината момчиња кои се фрлија во студените води на река Брегалница, да го фати светиот крст при церемонијата за осветување на реката Брегалница.

Традиционално, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски на среќниот фаќач на светиот крст му доделува парична награда во износ од 10.000 денари.

Среќниот фаќач на крстот традиционално доби подарок и од компанијата „Зегин“. Оваа година компанијата подари машина за перење алишта, а од црквата икона со ликот на Пресвета Богородица.







Актуелности

# Ѕвегорските суроваскари го бркаа злото од Пијанец




Ѕвегорските суроваскари накитени со суроваски на Василица го продолжија вековниот локален обичај под маски „Сурова“ во делчевското село Ѕвегор и го бркаа злото од Пијанец.

Во присуство на голем број гости и домаќини, годинава шеесетина суроваскари извикувајќи „Сурова“ и благословувајќи за зелена, здрава Стара Нова година, го посетија секој дом од селото. Главните актери во театарот на отворено ја сочинуваат свадбената поворка која тргна рано наутро. Тука беа задолжителните ликови на невестата и младоженецот, белаците, бабите, мечкарите во Ѕвегор. Секој лик има своја улога во претставата, така, еротските игри асоцираат на плодноста, старите баби и мечкарите им помагаат на болните, а се црнеа присутните и гостите за здравје. Белаците се војска кои со дрвени сабји и пушки ја чуваат невестата, за да не биде предвреме откриена. Свадбата завршува со свдбарска вечера кога се откриваат маските. Жителите велат дека денеска е ден за веселба, за благослови, за греана ракија, баници, но и за пивтија.

Организацијата на настанот е на кумовите на годинешната „Сурова“, Елеонора Ивановска и Ѕвонко со поддршка на спонзори и од Општина Делчево.







# Градоначалникот Трајковски во посета на првороденото новороденче во 2023 г. во Делчево

Актуелности



Градоначалникот Горан Трајковски го посети семејството на првороденото новороденче во Делчево, малиот Ајаз кој е роден на 8 јануари во штипската болница. Ајаз е трето дете на мајката Сабина Зекировска, а прв жител во Делчево за оваа 2023 г.
Семејството ќе добие парична награда во износ од 10.000 денари, која традиционално ја доделува градоначалникот на првороденото во новата година, а на семејството кое, инаку, живее во социјален ризик и е примател на ГМП и корисник на народна кујна, Трајковски му додели и пакет хуманитарна помош.
Инаку, Општина Делчево дарува 10.000 денари на првороденото новороденче во годината чии родители живеат во Делчево. Исто така, како една од социјалните мерки која значи поддршка на родителите кои добиле новороденче, Општина Делчево исплаќа по 3 илјади денари еднократна парична помош. Минатата година по оваа основа се исплатени 230.000 денари.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Објавени јавните повици за доделување финансиска помош на спортски здруженија и здруженија на граѓани




Општина Делчево на 30.01.2023 ги објави двата јавни повици за доделување финансиска помош во две категории, спорт и граѓански сектор.

Годинава во Буџетот на Општина Делчево за оваа намена се предвидени вкупно 1,29 милиони денари кои ќе бидат трансферирани до спортските здруженија,клубови и сл, но и до граѓанските кои функционираат на територијата на Општина Делчево. Од овие средства 890.000 денари се наменети за спортските здруженија, клубови, правни лица, додека 400.000 денари ќе се распределат на граѓанските здруженија.

Согласно со Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани право на учество на повикот имаа сите граѓански здруженија кои се регистрирани на подрачјето на Општина Делчево, а приоритетни области и цели за финансирање проектни и програмски активности се: локалниот економски развој; техниката; образованието; културата; уметноста; социјалната заштита; заштитата на животната средина. Предност ќе имаат настани кои се спроведуваат на територијата на Општина Делчево, а право на учество имаат сите здруженија на граѓани кои се регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, најмалку 2 години пред објавувањето на повикот и да дејствуваат на територијата на Општина Делчево.

Исто така, право на учество имаат сите спортски клубови и спортски здруженија кои ги исполнуваат условите: да се регистрирани во согласност со закон, односно да поседуваат решение за регистрација; да дејствуваат на територија на Општина Делчево; спортските клубови во рамките на основните училишта и средното училиште на територија на Општина Делчево, како и правни лица кои ќе организираат спортски манифестации на територијата на Општина Делчево, а кои придонесуваат за развојот на спортот на локално ниво.

Пријавата заедно со документација се доставува до Архивата на Општина Делчево, по пошта или во електронска форма.

Рокот за пријавување е 15 дена, односно од 30.01.2023 до 13.02.2023 г.

# Патувачката изложба „Ана Франк-Историја за денес“ во Делчево

Култура





Детали за животот на малата Ана Франк и нејзиното семејство во периодот на Втората светска војна се содржани во патувачката изложба „Ана Франк – Историја за денес“ која е отворена во Делчево во Спомен-домот АСНОМ.

Изложбата е уникатна по многу нешта, пред сè, тука е фактот што водичи за посетителите се млади волонтери, ученици во СОУ „Методи Митевски-Брицо“ кои поминаа обука за да ја раскажат приказната на Ана Франк. Патувачката изложба „Ана Франк – Историја за денес“ претставува збир од триесет и девет изложбени панели кои носат бројни детали од животот на малата Ана и нејзиното семејство за време на Втората светска војна.

Ристо Савески од Младинскиот образовен форум и координатор на проектот информира дека проектот се реализира веќе пет години.

-Соработуваме, генерално, со средни училишта, каде средношколци учествуваа, првиот ден на обука на тема „Првата светска војна и холокауст“. Во вториот ден во рамки на изложбата тие ја имаат улогата на оратори и ги водат посетителите низ паноата кои се вкупно 31 на број, а го опишуваат животот и делото на Ана Франк. Исто така, има дополнителни 7 паноа во контекст на историјата на Македонија во Втората светска војна, периодот во Југославија и осамостојувањето на Македонија, рече Савески.

Изложбата во Северна Македонија е во рамки на проектот „Хисторија, Историја, Повјест – Лекции за сегашноста“, а организатори се Младински образовен форум и Куќата на Ана Франк од Амстердам. Во изложбата има и панели кои се креирани посебно за македонскиот контекст во периодот по Втората светска војна до денес, а изработени од домашните експерти Мишо Докмановиќ и Бесник Емини.

Во Северна Македонија изложбата доби поддршка од Министерството за надворешни работи, Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Амбасадата на кралството Холандија и Министерството за култура.

Проектот има за цел да го сврти вниманието и да поттикне дискусија за настаните од блиското минато на Западен Балкан кои се причина за различни поделби и генерирање конфликти во минатиот век. Преку промовирање критичко размислување за настани од историјата и нивното значење во современото време и случувања, целта на Anne Frank House и партнерите е да се постигне помирување преку дијалог за заедничкото минато.

# Награди за највредните читатели во ЈЛБ „Илинден“



Новата 2023 година, ЈЛБ„Илинден“-Делчево ја започнува со активност посветена на најмладите редовни читатели. Традиционално, библиотеката на почетокот на годината ги наградува учениците кои изнајмиле најмногу лектири во годината што помина. Овој пат подарок книга и благодарница добија: Теона Николовска, Тијана Николовска, Ива Јочевска Давид Арсовски.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, посочи дека лектирите се важни и се инструмент за градење на индивидуалниот интегритет на учениците (осамостојување и однос кон себе), вредносна структура и однос кон околината (семејство, пријатели, потесна и поширока заедница) и социјален интегритет и повратно осознавање на самите себеси во рамки на заедницата.

-Во таа смисла, лектирите се супстанцијален дел од образованието, како процес и нивниот избор е суштествен инструмент во рацете на наставниците и културната заедница во целина, за постигнување на образовните цели кај децата, односно младите ученици. ЈЛБ„Илинден“ ги има сите лектири кои ги обработуваат нашите училишта.Ги покануваме сите ученици да ја посетат библиотеката и за време на зимскиот распуст да најдата време и да прочитаа и по некоја лектира, истакна Петровска.







Култура

Култура

# Минатата година десет граѓани донираа книги во ЈЛБ „Илинден“



Десет наши сограѓани минатата година донираа книги од домашните библиотеки на ЈЛБ„Илинден“. По тој повод, благодарница и подарок книга од ЈЛБ „Илинден“ добија: Искра и Магдалена Георгиевски, Никола Апостоловски, Катерина Антовска, Даниела Стефановска, Милена Михаиловска, Суни Вилијамсон, Николина Попчева, Раде Ѓеоргиевски, Снежана Спасевска, Весна Тодоровска.

Книгите се „опасни“, како симбол на културата, цивилизацијата и знаењето, рече директорката Билјана Петровска.

- Тие се чуварите на вековното наследство и патоказ кон надминувањето на сите пречки на напредокот. Апелираме до сите наши сограѓани, доколку имаат дома книги кои не ги користат или им зафаќаат место, да не ги унуштуваат и фрлаат, туку да ги донесат во библиотеката.Тука сите книги ќе бидат зачувани. И што е најважно, во библиотеката секоја книга, ќе си најде свој читател. Ни една книга не заслужува и не треба да биде уништена или фрлена. Без книгите, без нивно зачувување, историјата нема да постои, нема да постои концептот за човештвото, истакна Петровска.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**